ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ" п.о.
ПЕХЧЕВО

| Примено | 30.07.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 345/3 | | |

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI PREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 08-104/21
26.07.2021 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 7 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2022 - 2024 година, на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-104/21 од 11.6.2021 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 јули 2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево за регулиран период 2022-2024 година

1. На ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
   - за 2022 година во износ од 38,16 ден/m³;
   - за 2023 година во износ од 38,60 ден/m³;
   - за 2024 година во износ од 39,28 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2022 година изнесува 2,96%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2023 година изнесува 3,00%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2024 година изнесува 3,59%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
   - за 2022 година:
     - минимална просечна тарифа 37,03 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 39,29 ден/m³;
   - за 2023 година:
     - минимална просечна тарифа 37,44 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 39,76 ден/m³;
   - за 2024 година:
     - минимална просечна тарифа 37,87 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 40,69 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување важи за регулиран период 2022-2024 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува на и веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а се применува од 1 јануари 2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2022-2024 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08-104/21 од 11.6.2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2020 година:

| Опис | 2020 |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 773.170 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства | 74.847 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 20.000 |
| Бруто плати | 4.900.000 |
| Други услуги | 239.384 |
| Останати и вонредни трошоци | 302.190 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 0 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | **6.309.591** |
| **Остварена просечна пондерирана тарифа** | **38,25** |

- Податоци за регулираниот период :

| Опис | Ед.мерка | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 7.196.662 | 7.404.023 | 7.617.829 |
| Амортизација | денари | 940.187 | 959.783 | 1.072.640 |
| Средства за ликвидност | денари | 42.154 | 43.114 | 44.574 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 2.075.000 | 5.120.000 | 10.000.000 |
| Принос на регулирани средства | денари | 293.962 | 259.061 | 224.258 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | **денари** | **8.472.965** | **8.665.981** | **8.959.300** |
| **Количина** | **$m^3$** | **195.547** | **189.974** | **185.739** |
| **Просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | **42,47** | **44,66** | **46,94** |
| **Минимална просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | **41,61** | **43,71** | **45,65** |
| **Максимална просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | **43,33** | **45,62** | **48,24** |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 18 јуни 2021 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 19 јули 2021 година на својата веб страница го објави Предлог Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево, за регулиран период 2022-2024 година и ги повика сите заинтересирани страни да доставаат свои сугестии, забелешки и предлози.

По објавеното Предлог Решение, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги бр.01-898 од 30 март 2020 година, ако за одлучување по прашањата од став (3) точки 4), 5) и 6) од член 5 Регулаторната комисија за енергетика утврди дека нема потреба од одржување на подготвителна седница, ќе донесе решение актот за кој се одлучува да се донесе на седница без одржување на подготвителна седница.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест, а во интерес на зачувување на здравјето на странките Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1376/1 од 26 јули

2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на ова решение, без одржување на подготвителна седница.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2022-2024 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 6.612.280 | 6.737.304 | 6.864.845 |
| Амортизација | денари | 940.187 | 959.783 | 1.072.640 |
| Средства за ликвидност | денари | 39.871 | 40.343 | 41.296 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 2.075.000 | 5.120.000 | 10.000.000 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 421.651 | 371.589 | 321.670 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | **денари** | **8.013.988** | **8.109.020** | **8.300.450** |
| **Количина** | **$m^3$** | **203.973** | **203.973** | **203.973** |
| **Просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | **38,16** | **38,60** | **39,28** |
| **Минимална просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | **37,03** | **37,44** | **37,87** |
| **Максимална просечна тарифа** | **ден/$m^3$** | **39,29** | **39,76** | **40,69** |

По извршената анализа на реализираните оперативни трошоци од првиот регулиран период и податоците од бизнис планот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2022 – 2024 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 796.833 денари за 2022 година, 808.805 денари за 2023 година и 821.013 денари за 2024 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 77.152 денари за 2022 година, 78.312 денари за 2023 година и 79.498 денари за 2024 година;
3. Трошоците за бруто плати се прифатени согласно планираните за 2021 година зголемени за стапката на инфлација и истите изнесуваат 5.159.435 денари за 2022 година, 5.262.624 денари за 2023 година и 5.367.877 денари за 2024 година;
4. Другите услуги се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 246.757 за 2022 година, 250.467 денари за 2023 година и 254.260 денари за 2024 година;
5. Останатите и вонредните трошоци за 2022 година се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 311.498 денари за 2022 година, 316.182 денари за 2023 година и 320.970 денари за 2024 година.

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга е прифатена согласно податоците од Барањето и истата изнесува 940.187 денари за 2022 година, 899.177 денари за 2023 година и за 2024 година амортизацијата на сопствените основни средства изнесува 860.518 денари.

Амортизацијата на бесплатно добиените основни средства со кои се врши водната услуга е прифатена согласно податоците од Барањето и истата изнесува 0 денари за 2022 година, 60.606 денари за 2023 година и 212.121 денари за 2024 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 39.871 денари за 2022 година, 40.343 денари за 2023 година и 41.296 денари за 2024 година.

Приносот на регулираните основи средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2022 година изнесува 421.651 денари, за 2023 година 371.589 денари и за 2024 година изнесува 321.670 денари.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 38,16 ден/$m^3$ за 2022 година, 38,60 ден/$m^3$ за 2023 година и 39,28 ден/$m^3$ за 2024 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон. Исто така во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување во крајната цена на водната услуга која се фактурира до крајните корисници во подрачјето на општина Пехчево.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 2,96% за 2022 година, 3,00% за 2023 година и 3,59% за 2024 година.

ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и трошокот на долгорочниот долг на давателот на водната услуга, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и амортизацијата на бесплатно добиените основни средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПО Пехчево да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>ПРАВНА ПОУКА</u>: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16).

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**УП1 бр. 08-104/21**
**26 јули 2021 година**
**Скопје**